**Прашања поставени од акционерите на Годишното Собрание на Македонски Телеком одржано на 09.05.2019 година и одговори дадени од страна на Друштвото**

**I. По точката 1 од Дневниот ред: Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2018 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија"**

**Прашање:** Кои се причините за стагнирање на приходите и раст на расходите споредено во годините наназад од 2014 година до денес?

**Одговор:**
Во текот на 2018 година остварени се приходи во висина од 10,5 милијарди денари при што после повеќегодишен пад на приходите како резултат на пазарното опкружување, стабилизација во периодот 2015-2017, остварен е раст од 2% споредено со 2017. Дополнително, остварена е EBITDA, (оперативна добивка пред оданочување, камати и амортизација) во износ од 4,1 милијарди денари со што е остварена EBITDA маргина како показател на EBITDA во однос на вкупните приходи во износ од 39 % што претставува прилично стабилен процент кој се одржува во годините наназад (2014: 41%). Ваква EBITDA маргина претставува една од највисоките во рамките на групацијата на Дојче Телеком. Во однос на нето добивката, истата бележи пораст од приближно 1% во однос на 2017 година и изнесува 1,6 милијарди денари.

**Прашање:** Да се образложат материјалните трошоци утврдени во Годишниот извештај на Друштвото за 2018 година утврдени под ставката – услуги со карактер на материјални трошоци кои во извештајот изнесуваат 2.269.000,000,00 денари?

**Одговор:**

Во делот на Билансот на успех редна точка 10, АОП 211, категоријата „Услуги со карактер на материјални трошоци" за 2018 година изнесува МКД 2.269.221.814. Подолу е дадена распределаба за 2018 година по тип на трошок.

**УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ**

| Во денари | 2018 |
|---|---|
| Плаќања кон оператори | 907.732.622 |
| Одржување | 503.024.098 |
| Услуги | 405.542.752 |
| Закупнини | 139.929.520 |
| Маркетинг и донации | 173.785.050 |
| Подизведувачи | 135.505.729 |
| Такси, давачки и локални даноци | 3.702.043 |
| | 2.269.221.814 |

**II. По точка 4 од Дневниот ред: Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2018 година**

**Прашање:** Како би постапило друштвото во врска со барање кое би произлегло од судска постапка за симнување на својството “таен документ” на извештајот на американската куќа за истраги “White and case” , кој е содржан во сите Годишни извештаи на друштвото.

**Одговор:** Во рамките на судската постапка, се што ќе биде побарано од надлежното обвинителство и судските органи коишто се инволвирани во тој процес, Македонски Телеком АД Скопје во рамки на законот, ќе ги даде сите информации со кои располага.